Врз основа на член 65 став(6) од Законот за животна средина (Сл. Весник на РМ бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15 и 39/16), општина Гази Баба, на ден 13.05. 2019 година, донесе

Одлука за Неспроведување на стратегиска оцена

**1.** За планскиот документ ЛУПД за изградба на градба со намена Б5-хотелски комплекс на КП 1539/3, КП 1539/7, КП 1539/8 и КП 1539/9 КО Раштак, Општина Гази Баба - Скопје, кој се носи согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање, не е потребно да се спроведе стратегиска оцена на влијанието врз животната средина согласно член 65 од Законот за животна средина.

**2.** Одлуката заедно со формуларите за определување на потребата од спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена се објавува на веб страната на општина Гази Баба, www.gazibaba.gov.mk.

**3.** Согласно критериумите за определување на тоа дали еден плански документ има влијание врз животната средина од член 65 став (4) од Законот за животна средина и врз основа на податоците од Прилог 2 на Правилникот за формата, содржината и образецот на одлуката за спроведување, односно неспроведување на стратегиска оцена и формуларите за потребата од спроведување, односно неспроведување на стратегиска оцена донесувањето на планскиот документ ЛУПД за изградба на градба со намена Б5-хотелски комплекс на КП 1539/3, КП 1539/7, КП 1539/8 и КП 1539/9 КО Раштак, општина Гази Баба - Скопје, нема да има негативно влијание врз животната средина од следните причини: Со Локалната урбанистичка планска документација за изградба на градба со намена Б5-хотелски комплекс на КП 1539/3, КП 1539/7, КП 1539/8 и КП 1539/9 КО Раштак, Општина Гази Баба - Скопје, ќе се дефинираат архитектонско-урбанистичките параметри за изградба на деловни простории.

**4.** Против оваа одлука може да се поднесе жалба до Министерството за животна средина и просторно планирање во рок од 15 дена од денот на објавувањето на одлуката на веб страната.

Бр.28-3/3862/2
Датум: 27.11.2019год.
Место: Скопје

Градоначалник

Борис Георгиевски